УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTMENTI I UJËRAVE

=-0987654њ 40

Арх. Бр. 11 - 432/
Дата/Data: ______________год/viti

ДО: Планинарски клуб “Љуботен” Тетово
Ул. К.Ј Питу бр.6
1200 Тетово

ПРЕДМЕТ: Објава на Барање за дозвола за користење на вода, во дневен весник

Почитувани,

Согласно член 35 став 1, од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Сл. Весник на Р.С.Македонија со бр. 151/21, 3/25), барањето доставено од Ваша страна до Министерство за животна средина и просторно планирање со број 11-2678/1 од 09.05.2025 година потребно е да се објави во најмалку еден дневен весник кој ја покрива целата територија на Република Македонија. Заради транспарентноста на постапката препорачуваме барањето да се објави и во весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој зборуваат службен јазик различен од македонскиот. Земајќи во предвид дека објавувањето во дневниот весник е на трошок на барателот, Ви ја доставуваме содржината на објавата со цел истата да ја објавите согласно Законот, најкасно во рок од 7 дена по приемот на овој допис.

.......................................................................................................................................................

**Министерството за животна средина и просторно планирање**
**на Република Македонија**

**О Б Ј А В У В А**

Барање за издавање на Дозвола за користење на вода од извори за потребите на Планинарски клуб.

Согласно член 30 став 1 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Сл. Весник на Р.С.Македонија со бр. 151/21, 3/25), до Министерството за животна средина и просторно планирање доставено е Барање за користење на вода за издавање на Дозвола за користење на вода од извори за потребите на планинарскиот клуб.

**Подносител на барањето:**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Планинарски клуб "Љуботен" Тетово
Ул. К.Ј Питу бр.6
1200 Тетово

Локацијата на зафаќање на изворите и каптажата е во К.О Старо Село со следните координати:

| | | |
|---|---|---|
| Извор Долно Ѓингере | К.П 4/1 | У1=7 510 631,15 ; Х1=4 671 693,65; |
| Извор Горно Ѓингере | К.П 7 | У2=7 510 868,90 ; Х2=4 671 799,58; |
| Каптажа | К.П 4/1 | У3=7 510 970,55 ; Х3=4 671 290,55; |

Информации во врска со барањето, заинтересирана јавност може да добие во Министерството за животна средина и просторно планирање на e-mail b.apostolova@moepp.gov.mk
Засегнатата јавност, **во рок од 15 дена** од денот на објавувањето на барањето, има право да достави мислења и коментари во писмена форма до Министерството за животна средина и просторно планирање со адреса, плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, 1000 Скопје.
…………………………………………………………………………………………………………………………………………………………………
Имајќи го во предвид наведеното, а со цел продолжување на постапката, потребно е до Министерството за животна средина да доставите доказ за извршената објава.

Со почит,

Управа за животна средина
Директор
Игор Никоски

Изработил: Билјана Апостолова, Виш соработник
Контролирал: Снежана Мартулкова, Раководител на одделение
Согласен: Ylber Mirta, Раководител на сектор


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk